ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 60-д од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/19, 19/20 и 05/21), и член 5 став 3 од Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Битола (“Службен Гласник на Општина Битола “ бр.05/21) а во врска со член 17 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики (“Службен Весник на РСМ” бр.10/20), Иницијативниот одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

**1.** Иницијативниот одбор за формирање Локален младински совет при Општина Битола рапишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади.

**2.** Локалното собрание на млади претставува тело кое е составено од по еден делегат и еден заменик делегат кои ќе бидат предложени од страна на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Локалното собрание на млади објавува Јавен повик за кандидирање на членови за Локалниот младински совет на Општина Битола и ги избира членовите на младинскиот совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трichлена комисија, составена од членовте на Локалното собрание на млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

Членовите на Локалното собрание на млади не се ограничени од членување во Локалниот младински совет.

**3.** Членовите на Локалното собрание на млади имаат задача:

- Да работат на спроведување на активностите на Собранието.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

**4.** Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми:

• Да имаат активности на територијата на Општина Битола;
• Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик;
• Делегатот/ката и заменик-делегатот/ката да се жители на Општина Битола и да се на возраст од 15 до 29 години;

"Булевар 1ви Мај" бр. 61    7000  Битола    Република Македонија

тел: 047 234 234    047 208 340    факс: 047 208 307    e-mail: bitola@mt.net.mk    www.bitola.gov.mk

**5.** Пријавување: Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи на е-маил: marija.stojanovska@bitola.gov.mk и да ги поднесат во архивата на Општина Битола, Бул. „1-ви Мај“ бр.61 со ознака - „За јавен повик за формирање на Локално собрание за млади“.

**6.** Задолжителни документи:

- Образец на пријава за номинација (Прилог бр.1)
- Номинација на делегат и заменик-делегат со контакт-детали за претставниците (Прилог бр.2);
- Образец на изјава за согласност за користење на лични од номинираното лице (Прилог бр.3)
- Образец изјава за прифаќање на номинацијата за делегат/заменик делегат (Прилог бр.4)
- Портфолио за работата на организацијата;
- Мотивациско писмо за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница;
- CV на кандидатот;
- Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Битола;

**НАПОМЕНА:** Организациите кои се дел од иницијативниот одбор,односно имаат нивни претставници не е потребно повторно да ги доставуваат портфолиото за работа и годишниот извештај.

**7.** Јавниот повик трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Битола, односно од 21.06.2021 година.
Рокот за пријавување е од 21.06.2021год. до 25.06.2021год.

**8.** Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет на Општина Битола.

**9.** За повеќе информации околку повикот може да се обратите на следниот е-маил marija.stojanovska@bitola.gov.mk

Иницијативен одбор:

1. Валентин Гагачевски ____ [потпис]
2. Ирена Стојчевска ____ [потпис]
3. Тоше Атанасовски ____ [потпис]
4. Симона Калица ____ [потпис]
5. Ангела Ристевска ____ [потпис]